**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА ПРОФЕСОР ЗА ОБЛАСТ ТРУДОВО ПРАВО НА ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр.1102-113/5 од 30.8.2018 година донесена на 164. седница на Наставно-научниот совет на Правен факултет, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на редовен професор за област *трудово право* на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија” и „Коха“ на 4 април 2018 година и во предвидениот рок се пријави вонреден професор д-р Војо Беловски.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Правен факултет да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

**Д-р Војо Беловски,** вонреден професор на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, е роден на 4.4.1955 г. во с. Владимирово -Беровско, Република Македонија.

Основно образование завршува во с. Владимирово - Берово, општа гимназија во Берово. Високо образование завршува во 1980 год. На Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Правен факултет, Скопје, Република Македонија, со просек над осум и се стекнува со диплома дипломиран правник.

Завршува магистерски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ –Институт за социолошки и правно-политички истражувања, Скопје, Република Македонија, на тема „Менаџментот во акционерските друштва“ и во 1996 година се стекнува со диплома магистер по кадровски менаџмент. Завршува осми научен степен на образование на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Институт за социолошки и правно-политички истражувања, Скопје, Република Македонија, каде што во 2000 година се стекнува со диплома доктор на правни науки – докторска дисертација на тема „Менаџментот во трговските друштва на капиталот“.

Во 2007 година го положува стручниот испит за застапници при Државниот завод за индустриска сопственост на РМ и се стекнува со право на застапник на странски компании за заштита на правата од индустриска сопственост.

Од 1981 до 1988 г. е на повеќе раководни функции, посебно како раководител на Служба за нормативни кадри и општи работи во ЗОИЛ - Македонија, Скопје (QBE – Македонија).

Во 2008 година е избран за наставник - доцент на Првиот приватен универзитет „Европскиот универзитет“ – Скопје и ги предава следните предмети: Стварно право, Административно право, Административни процедури, Меѓународно договорно право, Трговско право на Правен факултет и на Економски факултет. Бил ментор и на Деловно право на постдипломските студии, на предметот Меѓународни трговски договори и раководител на вториот циклус.

Во 2008 година е избран за насловен доцент на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, по предметот Трудово право.

Во 2010 година е избран за продекан за настава на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

Во 2013 година е избран за вонреден професор при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, на Правниот факултет.

Член е на Универзтетскиот сенат при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, на Правниот факултет, со мандат од четири години.

Во изминатиот период од 2008 до 2018 година тој изведува наставата по предметите на прв циклус на сите насоки–модули на Правниот факултет: Административно право, Трговско право, Стварно право, Трудово право, Семејно право, Наследно право, Граѓанско право – општ дел, Граѓанско процесно право, Граѓанско право-применета програма, Авторско право и сродни права, Запишување права на недвижност и др.

Предметот Трговско право го предавал и на Факултетот за туризам и бизнис логистика во Скопје и во Гевгелија и на ФПТН во Штип и во Кавадарци, а од сега и на Економскиот факултет во Кочани и во Струмица.

На втор циклус ги предава следните предмети: Запишување на права на недвижност, Локална самоуправа, Административно право - применета програма, Управно процесно право, Граѓанско право - применета програма, Даночно и царинско право, Право на осигурување, Авторско право и сродни права и Меѓународно трудово право, Европско трудово право и Европско граѓанско процесно право.

Во изминатиот период д-р Војо Беловски учествува како член и ментор за одбрана на голем број магистерски трудови и член и ментор на голем број дипломски работи.

**Странски јазик:** Основно познавање на германски јазик.

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Во 2008 година е избран за наставник - доцент на Првиот приватен универзитет „Европскиот универзитет“ – Скопје и ги предава следните предмети: Стварно право, Административно право, Административни процедури, Меѓународно договорно право, Трговско право на Правниот факултет и на Економскиот факултет. Бил ментор и на Деловно право на постдипломските студии, на предметот Меѓународни трговски договори и раководител на вториот циклус.

Во 2008 година е избран за насловен доцент на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, по предметот Трудово право.

Во 2013 година е избран за вонреден професор при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, на Правниот факултет.

Доктор Војо Беловски од изборот во звање вонреден професор (2013 год.) до денес од наставно-образовна дејност реализира наставна активност на додипломски и постдипломски студии на истиот факултет и во рамките на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип и успешно ги извршува своите наставни работни обврски пет години, како наставник по група предмети од областа на правните науки.

Во изминатиот период од 2008 до 2018 година тој ја изведува наставата по предметите:

**На прв циклус на сите насоки – модули на Правниот факултет:**

- Административно право;
- Трговско право;
- Стварно право;
- Трудово право;
- Семејно право;
- Наследно право;
- Граѓанско право – општ дел;
- Граѓанско процесно право;
- Граѓанско право-применета програма;
- Запишување на права на недвижност.

Предметот Трговско право го предавал и на Факултетот за туризам и бизнис логистика во Скопје и во Гевгелија и на ФПТН во Штип и во Кавадарци.

**На втор циклус:**

- Запишување на права на недвижност;
- Локална самоуправа;
- Административно право - применета програма;
- Управно процесно право;
- Граѓанско право-применета програма;
- Авторски и сродни права;

- Даночно и царинско право;
- Право на осигурување.

Од неговата наставно-образовна дејност, врз основа горенаведениот преглед, можеме да констатираме дека кандидатот д-р Војо Беловски реализира предавања на наставни предмети на прв и на втор циклус кои се од доменот на правните науки, поконкретно од деловното право (Трудово право и Трговско право), како и од граѓанско-правата област и јавната администрација.

Во изминатиот период д-р Војо Беловски учествувал како член и ментор за одбрана на голем број магистерски трудови и член и ментор на голем број дипломски работи.

Од научноистражувачката дејност (по неговиот избор за вонреден професор) во периодот од 2013 до 2018 година, објавува значаен број трудови (монографии), авторизирани предавања (скрипти), учебници, практикуми и стручни трудови и учествува на меѓународни конференции. Авторот има објавено повеќе од четириесетина трудови и монографии во домашни и меѓународни стручни списанија, пред сè од областа на трудовото право, стварното право и трговското право.

Д-р Беловски Војо е раководител на проектот: *Кадровскиот капацитет, потребите и развојните потенцијали на малите и средни бизниси во источниот регион базирани на знаење.*

Д-р Војо Беловски е автор на поголем број трудови и тоа:

**I.Трудови објавени во меѓународни научни списанија:**

- Belovski, Vojo (2017) *Conceptof a jointstockcompany.*JournalofProcessManagement – New Technologies International. pp. 25-27. ISSN 2334–7449 (online)/ 2334 735X (print);
- Belovski, Vojo (2017) *Inspectioninthefieldofemploymentrelationshipsandpenaltyprovisionsunderthe LaborLaw.* JournalofProcessManagementNew Technologies International, 5 (6). pp. 78-92. ISSN 2334-7449;
- Belovski, Vojo andMajhosev, AndonandDujovska, Ivana (2016) *Thebillofexchangeas a meansofpaymentandsecurity.* (JPMNT) JournalofProcessManagement – New Technologies, International, 4 (3). pp. 39-49. ISSN 2334-7449 (Online)/ 2334-735X (Print);
- Belovski, Vojo andMajhosev, AndonandMustacki, Dragan (2015) *LegalsignificanceandprotectionofpossessionintheRepublicofMacedonia.* (JPMNT) Journalof ProcessManagement – New Technologies, International, 3 (2). pp. 80-89. ISSN 2334-7449 (Online);
- Ampovska, Marija and Belovski, Vojo (2015) *Themeaningoftheemployers' liabilityprovisionsforraisingthelevelofworkerssafety.*InternationalJournalofSciences: BasicandAppliedResearch, 19 (1). pp. 410-417. ISSN 2307-4531;
- Belovski, Vojo andAngelovska, Marina (2015) *Expertiseasevidenceincivilprocedure.* JournalofProcessManagement – New Technologies, International, 3 (1). pp. 108-115. ISSN 2334-7449;
- Gligorova, Marinaand Belovski, Vojo andGligorov, Petar (2015) *RevisionpermissiabilityincivilprocedureinRepublicofMacedonia.* (JPMNT) JournalofProcessManagement – New Technologies, International, 3 (2). ISSN 2334-7449;
- Belovski, Vojo (2014) *Damagecompensation: employee'sresponsibilityofthedamagean demployer'sresponsibility.*BalkanSocialScienceReview, 4 (8). pp. 129-157. ISSN 1857-8772;
- Belovski, Vojo (2014) *Остварување и заштита на правата, обврските и одговорностите од работен однос.* Годишен зборник на Правен факултет 2013/2014, 1 (4). pp. 69-84. ISSN 1857-8713;
- Belovski, Vojo (2014) *DamageCompensation: Employee'sResponsibilityoftheDamageand Employer'sResponsibility.*Balkan Social Science Review, 4 (4). pp. 129-157. ISSN 1857-8772
- Majhosev, Andonand Belovski, Vojo andNackova, Sanja and Tomislavova, Mare (2014)

*Thelegalaspectsofthemobbingin theRepublicofMacedonia.*Journal of Process Management - New Technologies, 2 (3). pp. 74-82. ISSN 2334-735X
- Belovski, Vojo (2013) *Employmentcontractforteleworking-workingofftheemployer'spremises.*Lawon Obligations, Official Gazette of R. Macedonia, No 18 from 2001. (comments, explanations, practiceandobjectregistry - d-r Kiril Chavdar, agency „Академик" (Academic)-Skopje, 2011.

**II. Меѓународни научни публикации: научни трудови презентирани на меѓународни академски собири**

- Belovski, Vojo (2014) *Ревизијата со посебен акцент на дозволеноста на ревизијата.* Зборник на трудови од Прва меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет", 1 (1). pp. 34-56. ISSN 978-608-244-129-0;
- Belovski, Vojo (2015) *Стварни права на странски лица.* Меѓународна науча конференција ООН: Исторически традиции и современо право. pp. 137-144. ISSN 978-954-00-0058-9;
- Беловски Војо и Мајхошев Андон, (2017) *Европското трудово право и глобализацијата.* IV Меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет". pp. 47-73. ISSN ISBN 978-608-244-423-9;
- Belovski, Vojo (2016) *Модерен-современ и успешен - ефикасен менаџер.* In: Општествените промени во глобалниот свет, 3-5 Sept 2016, Stip, Macedonia.
- Belovski, Vojo (2017) *Права и обврски на работникот и работодавачот.* Општествените промени во глобалниот свет, 4. ISSN 978-608-244-353-9.
- Belovski, Vojo (2015) *Стварни права на странски лица.* In: International scientific conference "UN: Historical traditions and contemporarylaw", 2-3 Oct 2015, Blagoevgrad, Bulgaria.
- Belovski, Vojo (2015) *Видови менаџери и типови менаџери.* In: Second International Scientific Conference: Social changein the global world, 3-4 Sept 2015, Stip, Macedonia.
- Belovski, Vojo (2013) *Забрана на дискриминацијата во областа на работните односи - правна рамка и проблеми при имплементацијата на прописите.* In: OSCE – Organizacion for Security and Cooperationin Europe Missionto Skopje, Основи за дискриминација – законска рамка, пракса и предизвици: искуства од граѓанскиот сектор.

**III. Меѓународни научни публикации: научни трудови во меѓународни годишници:**

1. .Belovski, Vojo (2016) *Отказ на договорот за вработување заради економски, организациони, технолошки, структурни или слични причини (деловни причини).* Зборник на трудови, Правен факултет. pp. 23-35. ISSN 1857-7229.
2. Belovski, Vojo (2016) *Companiesascapitalcompaniesandpersonalcompaniesdeterminationofthetermcompany.* Yearbook, FacultyofLaw. pp. 9-23. ISSN 1857-7229.
3. Belovski, Vojo (2015)*Договор за вработување со приправници, пробна работа, волонтерство и волонтерски стаж.* Годишен зборник на Правен факултет. ISSN 1857 – 8713.
4. Belovski, Vojo (2014) *Парична казна, отказни рокови и приговори против одлуките на работодавачот и застареност.* Годишен зборник на Правен факултет 2013/2014, 1 (4). pp. 53-68. ISSN 1857-8713.
5. Belovski, Vojo (2012) *Плаќање на работата.* Годишен зборник 2012, Правен факултет, 3 (1). pp. 37-68. ISSN 1857- 8713.
6. Belovski, Vojo (2012) *Законска забрана за конкурентското дејствување и договорна забрана на конкурентското дејствување.* Годишен зборник 2011/2012, Правен факултет, 3 (1). pp. 69-82. ISSN 1857- 8713.

**IV. Учебници и учебни помагала:**

- Ampovska, Marija and Belovski, Vojo (2015) *Интерна скрипта по облигационо право.* ISBN 978-608-244-169-6.
- Ampovska, Marija and Belovski, Vojo (2015) *Практикум по облигационо право.* ISBN 978-608-244-170-2.
- Belovski, Vojo (2013) *Практикум со коментар на Законот за работните односи и модели на акти и образци за практична примена.*
- Majhosev, Andonand Belovski, Vojo (2012) *Трудово право - рецензирана скрипта* (Unpublished).
- Majhosev, Andonand Belovski, Vojo (2012) *Трудово право - авторизирани предавања* (Unpublished).
- Belovski, Vojo (2010) *Административно право (авторизирани предавања).*
- Belovski, Vojo and Majhosev, Andon (2017) *Трудово право.* Faculty of Law, University "Goce Delcev" - Stip. ISBN 978-608-244-383-6.
- Belovski, Vojo (2015) *Стварно право - учебник.* Универзитет „Гоце Делчев", Штип, Македонија. ISBN 978-608-244-252-5.
- Belovski, Vojo (2015) *Стварно право - учебник.* Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, Штип, Македонија. ISBN 978-608-244-252-5.
- Belovski, Vojo (2010) *Стварно право.* Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, Правен факултет - Кочани.

**V. Монографии:**

- Belovski, Vojo (2015) *Работните односи - Видови на работен однос, надомест на штета од работен однос.* Manual. Компанија „Д-р Беловски".
- Belovski, Vojo (2014) *Заштита на правото на сопственост.* Working Paper. Компанија „Д-р Беловски" - Друштво за интелектуални услуги и менаџмент консалтинг.
- Belovski, Vojo (2013) *Водич со коментар на Законот за работните односи и модели на обрасци и акти за практична примена.* Working Paper. Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски", Скопје.
- Belovski, Vojo (2013) *Коментар на Законот за работните односи.* UNSPECIFIED. UNSPECIFIED.
- Belovski, Vojo and Kadriu, Osman (2011) *Коментар на Законот за работните односи.* Documentation. Компанија „Д-р Беловски" - Друштво за интелектуални услуги и менаџмент консалтинг, Скопје.
- Belovski, Vojo (2009) *Работни односи (прирачник - Практична примена на прописите за работа на кадровските служби).* Documentation. Новинско издавачко претпријатие „Стопански преглед", Кочани.

**VI. Научноистражувачки проекти:**

- Kosevaliska, Olga and Tusevska, Borka and Belovski, Vojo and Nanev, LazarandMiseva, Kristina and Davkova, Lidija (2015) *Кадровскиот капацитет, потребите и развојните потенцијали на малите и средни бизниси во Источниот регион базирани на знаење.* [Project] (Submitted)

**VII. Докторска дисертација:**

- Belovski, Vojo (2000) *Managementin the Business Associations of Capital.* PhD thesis, Универзитет „Св. Кирил И Методиј" - Скопје.

**VIII. Стручни списанија:**

- Belovski, Vojo (2011) *Forbiddingdiscrimination.* Стручно списание Правник, XX (225). pp. 2-5. ISSN 1409-5238.
- Belovski, Vojo (2011) *Forbiddingdiscrimination (secondpart).* Стручно списание Правник (225). 13-16-41. ISSN 1409-5238.
- Belovski, Vojo (2010) *Видови на работен однос.* Стручно списание Правник, XIX (219/20). 13-22-47-53. ISSN 1409-5238.

– Belovski, Vojo (2009) *Начело на недискриминацијата - забрана на дискриминацијата*. Годишен зборник 2009 на Правен факултет, 1. pp. 63-76. ISSN 1857-7229.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање редовен професор***

1. Вонреден професор од научната област во која се избира (избран е на 15.10.2013 год. на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Правен факултет);
2. Објавени најмалку шест научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации;

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Години на излегување насписанието |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Војо Беловски | *Европското трудово право и глобализацијата* | IV Меѓунардна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет“. pp. 47-73. ISSN ISBN 978-608-244-423-9 | 2017 |
| 2 | Војо Беловски | *Inspectioninthefieldof employmentrelationshi psandpenaltyprovisions undertheLaborLaw.* | Journal of Process Management New Technologies International, 5 (6). pp. 78-92. ISSN 2334-7449 | 2017 |
| 3 | Војо Беловски | *Отказ на договорот за вработување заради економски, организациони, технолошки, структурни или слични причини (деловни причини)* | Зборник на трудови, Правен факултет. pp. 23-35. ISSN 1857-7229 | 2016 |
| 4 | Војо Беловски | *Договор за вработување со приправници, пробна работа, волонтерство и волонтерски стаж* | Годишен зборник на Правен факултет. ISSN 1857 – 8713 | 2015 |
| 5 | Војо Беловски | *Damagecompensation: employee'sresponsibilityofthedamageandemployer'sresponsibility.* | Balkan Social Science Review, 4 (8). pp. 129-157. ISSN 1857-8772 | 2014 |
| 6 | Војо Беловски | *Парична казна, отказни рокови и приговори против одлуките на работодавачот и застареност* | Годишен зборник на Правен факултет 2013/2014, 1 (4). pp. 53-68. ISSN 1857-8713 | 2014 |
| 7 | Војо Беловски | *Остварување и заштита на правата, обврските и одговорностите од работен однос* | Годишен зборник на Правен факултет 2013/2014, 1 (4). pp. 69-84. ISSN 1857-8713 | 2014 |
| 8 | Војо Беловски | *DamageCompensation: Employee'sResponsibilityoftheDamageandEmployer'sResponsibility.* | Balkan Social Science Review, 4 (4). pp. 129-157. ISSN 1857-8772 | 2014 |

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Кандидатот проф. Беловски има широк опус на стручно-апликативна и организациско-развојна дејност. Како доказ во прилог на тоа е учеството на повеќе научни и стручни проекти, реализирани предавања, обуки и тренинзи пред релеватна стручна и научна јавност, стручни правни мислења и практична работа. Проф. Беловски е член на Универзитетски сенат на УГД во Штип и член и ментор на голем број дипломски и магистерски трудови. Тој има напишано повеќе стручни мислења и монографии, помеѓу кои во областа во која се бира е и монографијата со наслов „Работни односи, видови на работен однос, надомест на штета од работен однос“. Со овој сегмент, тој го заокружува својот наставно-научен и стручно-апликативен развој.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Вонреден професор д-р Војо Беловски, вработен на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, е единствен пријавен кандидат на Конкурсот за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област трудово право на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Врз основа на анализата на приложените документи, Рецензентската комисија е едногласна во оценката дека со целокупната своја досегашна работа вонреден професор д-р Војо Беловски има извонреден придонес во наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната и организациско-развојната дејност.

Согласно со претходно изнесеното, како и во согласност со Законот за високо образование, Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип, Комисијата со особено задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Правен факултет и Универзитетскиот сенат, кандидатот вонреден професор д-р Војо Беловски да биде избрана во звањето редовен професор од наставно-научната област трудово право.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Осман Кадриу, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Тито Беличанец, член, с.р.**
**Проф. д-р Јован Ананиев, член, с.р.**

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| 1. | Избор возвање вонреден професор | 1 | 40 | | | 40 |
| ВКУПНО | | | | | | 40 |
| Р. бр. | Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности | Поени | | | | |
| | | Во земјава | | Востранство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| 1. | Дел од монографија или научна книга | 1 | 10 | | | 10 |
| 2. | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори) | (прв автор) -15x9 = 135<br>(втор автор) - 2x6=12<br>Вкупно: 135+12=147 | | | | 147 |
| 3. | Труд со оригинални научни резултати објавени во научно списание опфатено во (СЦИ/ЦА/останати) | | | | | |
| 4. | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир | 5x2=10 | | 2x3=6 | | 16 |
| 5. | Одржано предавање по покана од научна институција | | | | | |
| 6. | Одбранета докторска теза | 1x8=8 | | | | 8 |
| 7. | Одбранет магистерски труд | 1x4=4 | | | | 4 |
| 8. | Учесник во научен проект | 1x2=2 | | | | 2 |
| 9. | Рецензент на научен труд | | | | | |
| ВКУПНО | | | | | | 187 |
| Р. бр. | Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност | Поени | | | | |
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| 1. | Труд во стручно (научно-популарно списание) | 1 | 10 | | | 10 |
| 3. | Продекан | | | | | |
| 4. | Раководител на катедра | | | | | |
| 5. | Член на универзитетска комисија | 1 | 5 | | | 1x5=5 |
| 6. | Член на факултетски орган, комисија | | | | | |
| | ВКУПНО | | | | | |
| Поени кои се однесуваат на целокупната актива на кандидатот | | НО | НИ | САОР | | |
| ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ | | 40 | 187 | 15 | | 242 |